# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

Број 9, година XLIX
Вторник, 24.07.2018
Битола

e-mail:bitola@t-home.mk

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08), донесувам

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Одлуката за пренесување на право на тековно одржување на водоводната и канализационата мрежа, пасажите, скалите и зелените површини од Реонскиот пазар-Битола

1. Ја објавувам Одлуката за пренесување на право на тековно одржување на водо-водната и канализационата мрежа, паса-жите, скалите и зелените површини од Реонскиот пазар-Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.07.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-600/1
24.07.2018 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 и член 36, став 1, точка 15, од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02) и член 70 од Статутот на општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 19.07.2018 година и продолжението на истата одржана на 20.07.2018 година, донесе

### О Д Л У К А
### за пренесување на право на тековно одржување на водоводната и канализационата мрежа, пасажите, скалите и зелените површини од Реонскиот пазар-Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Битола му го пренесува правото на тековно одржување на делови од Реонскиот пазар Битола на следните јавни претпријатија:

- ЈКП „Водовод" – одржување на водоводната мрежа;
- КЈП „Нискоградба" – одржување на канализационата мрежа, пасажите, скалите и кровната конструкција и
- ЈП „Комуналец" – одржување на зелените површини.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општината Битола да склучи договор одделно со секое јавно претпријатие за начинот на одржување на деловите од Реонскиот пазар.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-94/3
20.07.2018 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за примање на донација од Пивара АД Скопје-поставување на Летниковец

1. Ја објавувам Одлуката за примање на донација од Пивара АД Скопје-поставување на Летниковец, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.07.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-600/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.07.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 7 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на РМ“ бр.47/06...153/15) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 19.07.2018 година и продолжение на истата одржана на 20.07.2018 година, донесе

## ОДЛУКА
## за примање на донација од Пивара АД Скопје-поставување на Летниковец

**Член 1**

Со оваа Одлука Општината Битола во својство на примател ја прима донацијата од Пивара АД Скопје-поставување на Летниковец во населба Нова Битола.

**Член 2**

Донацијата не создава директна корист за дарителот ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општината Битола да склучи договор со давателот на донацијата со кој подетално ќе биде уреден начинот на користење на донацијата.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-94/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.07.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за не давање согласност на завршната сметка за финансиското работење на КЈП „Нискоградба“ Битола за 2017 г.

1. Го објавувам Решението за не давање согласност на завршната сметка за финансиското работење на КЈП „Нискоградба“ Битола за 2017 г., донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.07.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-600/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.07.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96......39/16) и член 70 од Статутот на Општината Битола

(„Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 19.07.2018 година и продолжение на истата одржана на 20.07.2018 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за не давање согласност на завршната сметка за финансиското работење на КЈП „Нискоградба“ Битола за 2017 г.

1. НЕ СЕ дава согласност на завршната сметка за финансиското работење на КЈП „Нискоградба“ Битола за 2017 година, разгледана на седницата на Управниот одбор, одржана на 11.07.2018 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-94/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.07.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 19.07.2018 година и продолжение на истата одржана на 20.07.2018 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за не усвојување Годишниот извештај за работењето на КЈП „Нискоградба“ Битола во 2017 година

1. НЕ СЕ УСВОЈУВА Годишниот извештај за работењето на КЈП „Нискоградба“ Битола во 2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавен во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-94/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.07.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за не усвојување Годишниот извештај за работењето на КЈП „Нискоградба“ Битола во 2017 година

1. Го објавувам Заклучокот за не усвојување Годишниот извештај за работењето на КЈП „Нискоградба“ Битола во 2017 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.07.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-600/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.07.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за покривање на загубата по Годишната сметка за 2017 година на КЈП „Нискоградба“ Битола

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката за покривање на загубата по Годишната сметка за 2017 година на КЈП „Нискоградба“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.07.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-600/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.07.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ„ бр.38/96...64/18), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 19.07.2018 година и продолжение на истата одржана на 20.07.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Одлуката за покривање на загубата по Годишната сметка за 2017 година на КЈП „Нискоградба“ Битола**

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за покривање на загубата по Годишната сметка за 2017 година на КЈП „Нискоградба“ Битола бр.02-487/6 од 11.07.2018 година, донесена од Управниот одбор на Претпријатието.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.09-94/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.07.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за давање согласност на Дополнувањето на Годишниот план за вработување на КЈП „Нискоградба“ Битола за 2018 година**

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Дополнувањето на Годишниот план за вработување на КЈП „Нискоградба“ Битола за 2018 година, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.07.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-600/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.07.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), а во врска со член 20–б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14 и 27/16) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 19.07.2018 година и продолжение на истата одржана на 20.07.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Дополнувањето на Годишниот план за вработување на КЈП „Нискоградба“ Битола за 2018 година**

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Дополнувањето на Годишниот план за вработување на КЈП „Нискоградба“ Битола за 2018 година бр.04-50/1 од 13.07.2018 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-94/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.07.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за давање согласност на втората измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на јавните површини на подрачјето на Општината Битола**

1. Го објавувам Решението за давање согласност на втората измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на јавните површини на подрачјето на Општината Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.07.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-600/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.07.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 19.07.2018 година и продолжение на истата одржана на 20.07.2018 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за давање согласност на втората измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на јавните површини на подрачјето на Општината Битола

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на втората измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на јавните површини на подрачјето на Општина Битола под техн.бр. 10/18 од јули 2018 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.09-94/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.07.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Измени и дополнување на Програмата за економски развој во Општина Битола за 2018 година

1. Ги објавувам Измените и дополнување на Програмата за економски развој во Општина Битола за 2018 година, донесени на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.07.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-600/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.07.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола- бр. 10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 19.07.2018 година и продолжение на истата одржана на 20.07.2018 година, донесе

## ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА
## П Р О Г Р А М А за економски развој во Општина Битола за 2018 год.

Со програмата се уредуваат изворите на средствата и наменското трошење на истите согласно законските прописи кои ја регулираат оваа материја.

Програмата претставува континуитет на работите од претходните програми и обврски што треба да бидат завршени во 2018 година.

### ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
### на Измени и дополнување на програмата за економски развој во Општина Битола за 2018 година

### ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
### на Измени и дополнување на Програмата за економски развој во Општина Битола За 2018 година

| Ред. Бр. | шифра | Извор на приходи | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 722315 | Планирани средства од Буџетот на општината (административни такси) | **3.000.000,00** |
| 2 | 725939 | Останати неданочни приходи | **17.481.605,00** |
| | **ВКУПНО:** | | **20.481.605,00** |

**ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА**
**на Измени и дополнувања на Програмата за економски развој**
**во Општина Битола**
**за 2018 година**

| Ред. Бр. | шифра | Расходи | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 46 | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСВЕРИ** | **4.456.000,00** |
| 1.1 | 464 990 | Други трансфери | 4.456.000,00 |
| 2 | 482 | **ДРУГИ ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ** | **16.025.605,00** |
| 2.1 | 482 110 | Подготвување на проекти, вклучување на дизајан на улици и патишта | 6.758.292,00 |
| 2,2 | 482 210 | Подготвување на проекти, вклучување на дизајан на мостови | 0,00 |
| 2,3 | 482 310 | Подготвување на проекти, вклучување на дизајан на колектори и пречистителни станици | 4.614.908,00 |
| 2.4 | 482 610 | Подготвување на проекти, вклучување на дизајан на споменици | 300.000,00 |
| 2.5 | 482 710 | Подготвување на проекти, вклучување на дизајан на капацитети за водоснабдување | 418.200,00 |
| 2.6 | 482 810 | Подготвување на проекти, вклучување на дизајан на капацитети за енергетика | 1.727.430,00 |
| 2.7 | 782 910 | Подготвување на проекти, вклучување на дизајан на други објекти | 2.506.775,00 |
| | | **СЕ ВКУПНО:** | **20.481.605,00** |

Дел од средствата од оваа Програма ќе бидат вложени за изработка на техничка документација на објекти кои се дефинирани со листа на објекти која е дадена како ПРИЛОГ 1 и ПРИЛОГ 2

Расходите за набавка на проектна документација (техничка документација, фисибилити студии и сл.) ќе се извршуваат согласно динамиката на приливот на средствата и утврдената листа на приоритетните објекти.

Листите за приоритетни објекти ја утврдува Советот на Општината и е составен дел на оваа Програма (ПРИЛОГ 1 и ПРИЛОГ 2)

Програмата за економски развој е родово одговорна. При нејзината изработка се земаа предвид потребите, улогите и начините на користење на времето и ресурсите од страна на жените и мажите. Конкретно, (1) при изградбата на коловози, секаде каде има простор, е предвидена изградба на тротоари цо цел да одговори на потребите на жените и мажите за движење; (2) предвидената мрежа за осветлување соодветствува на потребите на жените пред сé, за зголемена безбедност; (3) планираната изградба и реконструкција на водоводна линија и атмосферска и фекална канализација исто така е развиена врз основа на потребите на мажите и жените и нивните различни улоги во домаќинството. Дополнително, во насока на економско јакнење на жените, но и општината во целина, програмата предвидува (4) активности за поддршка на женското претприемништво, насочени кон невработените граѓанки со стекнато високо образование.

На овој начин, Општина Битола покажува дека ги поддржува и применува принципите на родово одговорно креирање на политиките и следствено-родово одговорно буџетирање. Покрај тоа што овие практики имаат за цел да ги слушнат и да одговорат подеднакво на потребите на мажите и жените, тие истовремено го зголемуваат нивото на транспарентност, го подобруваат учеството на граѓан(к)ите и ги подобруваат економските политики на општината.

Програмата овозможува буџетско следење, транспарентност и ефикасност на обезбедените средства за спроведување на родовото буџетирање.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За спроведување на оваа програма се грижи Градоначалникот, Комисијата за економски развој и Одделението за еко-

номски развој при Секторот за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија на Општина Битола.

Оваа Програма влегува во сила веднаш по изгласување од Советот на Општина Битола, а ќе се применува до крајот на годината, односно до донесување на Програмата за 2019 г.

Бр.09-94/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.07.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

**ПРИЛОГ 1 по ПРОГРАМА ЗА 2018 .**
**ИЗРАБОТКА НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДБА**
**(ПРОЕКТИРАЊЕ, РЕВИЗИЈА, ГЕОДЕТСКИ И ДР. ЕЛАБОРАТИ СОГЛАСНО ЗАКОН)**

| Ред. бр. | ЛОКАЦИЈА / УЛИЦА | Подготвување проектина улици и л.патишта, мостови,спомениці (482110, 210,610) | Подготвувањ е на проекти за на пречист станици и колектори (482310) | Подготвувањ е на проекти за водоснабдување (482710) | Подготвувањ е на проекти за енергетски капацитети (482810) | Подготвување на проекти за други објекти (482910) | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИ ВО С. ОСТРЕЦ | 176.000,00 | | | | | 176.000,00 |
| 2 | КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ ВО С. ОСТРЕЦ | | 176.000,00 | | | | 176.000,00 |
| 3 | с.ЕГРИ | 81.000,00 | | | | | 81.000,00 |
| 4 | с.БАРЕШАНИ | 180.000,00 | | | | | 180.000,00 |
| 5 | с. МЕЏИТЛИЈА | 185.000,00 | | | | | 185.000,00 |
| 6 | Ул. „Стив Наумов“ | 163.062,00 | 108.708,00 | | | | 271.770,00 |
| 7 | с. БУКОВО | 500.000,00 | 302.000,00 | | | | 802.000,00 |
| 8 | Л.П. Брусник | 450.000,00 | 250.000,00 | | | | 700.000,00 |
| 9 | Проекти за рушење на оштетени објекти и постојни објекти | | | | | 50.000,00 | 50.000,00 |
| 10 | Проекти за партерно уредување на школски дворови во ОУ и СЦУ | | | | | 550.000,00 | 550.000,00 |
| 11 | Санација и реконструкција на објекти во сопственост на општина Битола | | | | | 626.775,00 | 626.775,00 |
| 12 | Планска документација за проект ,,Пречистителна станица на општина Битола,, финансиран од ИПА прог на ЕУ) | 1.130.132,00 | 2.400.000,00 | | | | 3.530.132,00 |
| 13 | ул Борис Кидрич-13-ти Јули | 150.000,00 | 109.200,00 | 109.200,00 | 109.200,00 | | 477.600,00 |
| 14 | Ул. позади Кеопс-Декорпод | 46.000,00 | 46.000,00 | 46.000,00 | 46.000,00 | | 184.000,00 |
| 15 | ул.Реонски пазар-Михајло Андоновски | 90.000,00 | 45.500,00 | 45.500,00 | 45.500,00 | | 226.500,00 |
| 16 | Колектор за фек канализација до с.Лавци и водовод од БТ до граница на ГУП | | 160.000,00 | 33.000,00 | | | 193.000,00 |
| 17 | 35 кв кабел околу Стадион | | | | 1.000.000,00 | | 1.000.000,00 |
| 18 | ул. ,,Ари Ангеловски,, | 30.000,00 | 15.000,00 | 15.000,00 | | | 60.000,00 |
| 19 | Собирен канал на површински води во АРМ 2 | | 600.000,00 | | | | 600.000,00 |
| 20 | ул.Сутјеска | 70.000,00 | 34.000,00 | 34.000,00 | | | 138.000,00 |
| 21 | ул. Струшка | 33.000,00 | 16.500,00 | 16.500,00 | | | 66.000,00 |
| 22 | ул.Цане Василев | 66.000,00 | 33.000,00 | 33.000,00 | | | 132.000,00 |
| 23 | ул. 2-ри Август | 42.000,00 | 21.000,00 | 21.000,00 | | | 84.000,00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 24 | ул. Девеани | 42.000,00 | 21.000,00 | 21.000,00 | | | 84.000,00 |
| 25 | ул. Кирил Пејчиновик | 88.000,00 | 44.000,00 | 44.000,00 | | | 176.000,00 |
| 26 | Пошачки мост над железничка пруга спроти ОУ Коле Канински | 300.000,00 | | | | | 300.000,00 |
| 27 | Реконструкција на зграда за противпожарна станица БТ | | | | | 200.000,00 | 200.000,00 |
| 28 | Пречистителни станица Црвени петли | | 233.000,00 | | | | 233.000,00 |
| 29 | Партерни решенија за споменици | 45.898,00 | | | | | 45.898,00 |
| 30 | Програма за урбана опрема во урбанизирани рурални средини заедно со технички | | | | | 400.000,00 | 400.000,00 |
| 31 | ул.Рузвелтова | 120.000,00 | | | 40.000,00 | | 160.000,00 |
| 32 | ул. Димитар Илиевски Мурато (Борис Кидрич) | 265.800,00 | | | 86.730,00 | | 352.530,00 |
| 33 | Партерно уредување и изградба на настрешници на Управна зграда ЈП Пазари | | | | | 680.000,00 | 680.000,00 |
| 34 | Бул 1ви Мај до Стара Чаршија-партер | 518.400,00 | | | | | 518.400,00 |
| 35 | Полигон за возила (АУП +основен) | 691.000,00 | | | | | 691.000,00 |
| 36 | Спортско игралиште и простор на зелен парк (АУП + основен проект) | 180.000,00 | | | | | 180.000,00 |
| 37 | Локален пат за с. Дихово од прикл со Р пат за Црвенои петли | 150.000,00 | | | | | 150.000,00 |
| 38 | Сообрќајни проекти низ улици во БР-Измена на траен режим на сообраќај | 40.000,00 | | | | | 40.000,00 |
| 39 | ДУП Франскуцски Гробишта - улица | 275.000,00 | | | | | 275.000,00 |
| 40 | с. Црнеец (ПИ за водовод) | 350.000,00 | | | | | 350.000,00 |
| 41 | Изработка на рампина за пристап до ОУ и СУ и други институции | 300.000,00 | | | | | 300.000,00 |
| 42 | Изработка на Програма за енергетска ефикасност | | | | 400.000,00 | | 400.000,00 |
| | **ВКУПНО** | 6.758.292,00 | 4.614.908,00 | 418.200,00 | 1.727.430,00 | 2.506.775,00 | 16.025.605,00 |

**Одделение за економски развој**
**м-р Зора Симјановска**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистичко планска документација на подрачјето на Општината Битола во 2018 година

1. Ја објавувам Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистичко планска документација на подрачјето на Општината Битола во 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.07.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-600/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.07.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 19.07.2018 година и продолжение на истата одржана на 20.07.2018 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистичко планска документација на подрачјето на Општината Битола во 2018 година

1. Во Програмата за изработка на урбанистички планови во Општината Битола за 2018 година („Службен гласник на Општината Битола“ бр.16/17), се врши измена и дополнување на начин што во Дел II, точка 13-Детални урбанистички планови, се менува потточка 13.1.18 и истата гласи:

„13.1.18-ДУП за Работна зона јужно од патот Битола село Новаци-општина Битола (со плански опфат од приближно 28,оо ха)“

Во дел II, точка 13.4-Локална урбанистичко планска документација ЛУПД, после потточка 13.4.8, се додава нова потточка која гласи:

„13.4.9 – ЛУПД за изградба на објекти со намена А4-времено сместување на КП бр.382 м.в. Горица КО Трново-општина Битола“.

2. Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-94/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.07.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутарната Одлука бр.02.51/7 од 15.01.2016 год. на ЈКП „Водовод“-Битола

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутарната Одлука бр. 02.51/7 од 15.01.2016 год. на ЈКП „Водовод“-Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.07.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-600/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.07.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96...64/18), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата

одржана на 19.07.2018 година и продолжение на истата одржана на 20.07.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутарната Одлука бр.02.51/7 од 15.01.2016 год. на ЈКП „Водовод“-Битола**

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за измена и дополнување на Статутарната Одлука бр.02.51/7 од 15.01.2016год. на ЈКП „Водовод“-Битола, донесена од Управниот одбор на Претпријатието под бр.02-497/3 од 02.07.2018 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.09-94/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.07.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за измени и дополнување на Статутот на ЈП „Комуналец“-Битола (пречистен текст) бр. 02-278//3-1 од 01.06.2016 год.**

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката за измени и дополнување на Статутот на ЈП „Комуналец“-Битола (пречистен текст) бр. 02-278//3-1 од 01.06.2016 год., донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.07.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-600/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.07.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ„ бр.38/96...64/18), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 19.07.2018 година и продолжение на истата одржана на 20.07.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Одлуката за измени и дополнување на Статутот на ЈП „Комуналец“-Битола (пречистен текст) бр.02-278//3-1 од 01.06.2016 год.**

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за измени и дополнување на Статутот на ЈП „Комуналец“-Битола (пречистен текст) бр. 02-278//3-1 од 01.06.2016 год., донесена од Управниот одбор на Претпријатието под бр. 02-503/4 од 13.07.2018 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.09-94/13 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.07.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за давање согласност за оттуѓување на доминантен пакет акции во ФК Пелистер АД Битола на други физички или правни лица**

1. Ја објавувам Одлуката за давање согласност за оттуѓување на доминантен пакет акции во ФК Пелистер АД Битола на други физички или правни лица, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.07.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-600/12
24.07.2018 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), а во врска со барањето на Орка Холдинг Ад Скопје, Пелистерка АД Скопје, ЗК Пелагонија АД Битола и Жито Битола Дооел Битола, Советот на Општината Битола на седницата одржана на 19.07.2018 година и продолжение на истата одржана на 20.07.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за давање согласност за оттуѓување на доминантен пакет акции во ФК Пелистер АД Битола на други физички или правни лица

### Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност Орка Холдинг Ад Скопје, Пелистерка АД Скопје, ЗК Пелагонија АД Битола и Жито Битола Дооел Битола за оттуѓување на доминантен пакет акции кои ги имаат во ФК Пелистер АД-Битола на друго физичко или правно лице.

### Член 2

Се обврзуваат Орка Холдинг Ад Скопје, Пелистерка АД Скопје, ЗК Пелагонија АД Битола и Жито Битола Дооел Битола да го оттуѓат доминантниот пакет на акции под најмалку истите услови по кои е направен преносот со Општина Битола.

### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-94/14
20.07.2018 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен обележја за период од пет години во Општината Битола (2018-2023)

1. Ја објавувам Програмата за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен обележја за период од пет години во Општината Битола (2018-2023), донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.07.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-600/13
24.07.2018 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 17 од Законот за меморијални споменици и спомен-обележја („Сл. весник на РМ“ бр. 66/04, 89/08 и 152/15) и член 22 точка 18 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 19.07. 2018 и продолжението на седницата одржана на 20.07.2018 година, донесе

## ПРОГРАМА
## за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен обележја за период од пет години во Општината Битола (2018-2023)

I. Со оваа Програма за периодот од 2018-2023 г. Општина Битола ги предлага за подигање следните спомен обележја:

СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈА:

1. Спомен обележје на Даме Груев
2. Реставрација на гробот и надгробната плоча на Павел Шатев
3. Спомен обележје на Македонскиот Цар Гаврило Радомир;
4. Спомен обележје на Главниот штаб на Илинденското востание со ликовите на Даме Груев, Анастас Лозанчев и Борис Сарафов;
5. Спомен обележје на Димитар Илиевски – Мурато во градското подрачје
6. Споемн обележје на Ѓорги Сугарев
7. Спомен обележје на Александар Турунџев
8. Спомен обележје Сончев часовник на Локалитет Еврејски гробишта Битола

СПОМЕН БИСТИ:

1. Ѓорги Поп Христов;
2. Пере Тошев;
3. Лазо Трповски;
4. Илија Димовски - Гоце;
5. Васил Чакаларов;
6. Анастас Лозанчев;
7. Димитар Македонски;
8. Кирил Македонски;
9. Д-р. Константин Мишајков;
10. Пандо Клашев;
11. Лазар Поптрајков;
12. Захарија Василева Шумљанска;
13. Павел Шатев;
14. Параскев Цветков;
15. Димитар Влахов

СПОМЕН ПЛОЧИ:

16. Св. Нектариј Битолски;
17. Св. Великомаченик Агата Ангел Битолски;
18. За формирање на Леринско-Костурската бригада;
19. На спомен плоча на училиштето "Ѓорги Сугарев" за турскиот затвор со имињата на познати револуционери кои таму издржувале казна затвор;
20. На зградата на Музичкото училиште за осудените за самобитноста на Македонија;
21. На куќата на Анастас Лозанчев во Јени Маале ул. Даме Груев бр. 39/41;
22. Спомен обележје за борбите на Битолско-Преспанскиот териториjален одред и Леринско-Костурската бригада на комуникацијата Битола-Лерин, кај Бензинската пумпа на излезот кон Грција;
23. Спомен плоча во ОУ „Кирил и Методиј" Битола на учителот Ѓорче Петров;
24. Спомен плоча на загинатите над 8.000 италијански војници на македонскиот фронт (1916-1918)

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-94/15 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.07.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
**за објавување на Одлуката за изведување на градба за изградба на спомен обележје „Сончев часовник"на Локалитет Еврејски гробишта Битола**

1. Ја објавувам Одлуката за изведување на градба за изградба на спомен обележје „Сончев часовник" на Локалитет Еврејски

гробишта Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.07.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-600/14 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.07.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 6 став 1 алинеа 3 од Правилникот за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите, односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/18) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Оштината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 19.07.2018 и продолжението на истата одржана на 20.07.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за изведување на градба за изградба на спомен обележје „Сончев часовник“на Локалитет Еврејски гробишта Битола

**Член 1**

Советот на Општина Битола донесува Одлука за изградба на спомен обележје „Сончев часовник“ на Локалитет Еврејски гробишта Битола.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а да се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-94/16 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.07.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за давање согласност на Измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување за 2018 година на ЈП „Комуналец“ Битола

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување за 2018 година на ЈП „Комуналец“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.07.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-600/15 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.07.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Служ-бен весник на РМ“ бр. 05/02), а во врска со член 20–б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14 и 27/16) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 19.07.2018 година и продолжение на истата одржана на 20.07.2018 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за давање согласност на Измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување за 2018 година на ЈП „Комуналец“ Битола

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување за 2018 година на ЈП „Комуналец“ Битола бр. 01-102/17 од 16.07.2018 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-94/17 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.07.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

# С О Д Р Ж И Н А


О Д Л У К А за пренесување на право на тековно одржување на водоводната и канализационата мрежа, пасажите, скалите и зелените површини од Реонскиот пазар-Битола ........ 1

ОДЛУКА за примање на донација од Пивара АД Скопје-поставување на Летниковец ........ 2

Р Е Ш Е Н И Е за не давање согласност на завршната сметка за финансиското работење на КЈП „Нискоградба“ Битола за 2017 г. ........ 3

З А К Л У Ч О К за не усвојување Годишниот извештај за работењето на КЈП „Нискоградба“ Битола во 2017 година ........ 3

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Одлуката за покривање на загубата по Годишната сметка за 2017 година на КЈП „Нискоградба“ Битола ........ 4

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Дополнувањето на Годишниот план за вработување на КЈП „Нискоградба“ Битола за 2018 година ........ 4

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на втората измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на јавните површини на подрачјето на Општината Битола ........ 5

ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА П Р О Г Р А М А за економски развој во Општина Битола за 2018 год. ........ 5

П Р О Г Р А М А за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистичко планска документација на подрачјето на Општината Битола во 2018 година ........ 9

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутарната Одлука бр.02.51/7 од 15.01.2016 год. на ЈКП „Водовод“-Битола ........ 10

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Одлуката за измени и дополнување на Статутот на ЈП „Комуналец“-Битола (пречистен текст) бр.02-278//3-1 од 01.06.2016 год. ........ 10

О Д Л У К А за давање согласност за оттуѓување на доминантен пакет акции во ФК Пелистер АД Битола на други физички или правни лица ........ 11

ПРОГРАМА за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен обележја за период од пет години во Општината Битола (2018-2023) ........ 11

О Д Л У К А за изведување на градба за изградба на спомен обележје „Сончев часовник“на Локалитет Еврејски гробишта Битола ........ 13

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување за 2018 година на ЈП „Комуналец“ Битола ........ 13

ОВАА СТРАНИЦА Е ПРАЗНА

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211